Врз основа на член 22, став 1 , точка 5 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/02), член 7 точка 3 од Законот за култура пречистен текст (Сл.весник на РМ бр.66/03) и член 14, точка 11 од Статутот на Општина Крива Паланка (Сл. гласник на Општина Крива Паланка бр.7/06) , Советот на Општина Крива Паланка на седницата одржана на ден 30.11.2017 година ја донесе следната

**ПРОГРАМА**
**За активностите на Општина Крива Паланка во**
**областа на културата во 2018 година**

I.ЦЕЛИ

Основни цели на оваа Програма се:

-Обезбедување на активен однос на Општина Крива Паланка кон задоволување на потребите и интересите на граѓаните од областа на културата;

-Сочувување и афирмирање на материјалното и духовното културно наследство на Крива Паланка,

-Сочувување и афирмирање на културниот идентитет на Општина Крива Паланка,

-Создавање услови за развој на културата,

-Воведување нови форми на културно изразување.

II.АКТИВНОСТИ

Активностите на Општина Крива Паланка во областа на културата ќе бидат насочени кон поттикнување, поддржување и помагање за остварување на целите на оваа Програма и тоа:

-Сочувување на континуитетот на одржување на традиционални културно-уметнички манифестации;

-Реализирање на манифестации, програми и проекти кои и даваат посебно обележје на Општина Крива Паланка;

-Создавање услови за гостување на еминентни уметници од Република Македонија и странство во Општина Крива Паланка;

-Унапредување на меѓународна културна комуникација врз реципрочна основа со збратимени градови на Општина Крива Паланка

-Остварување на продуктивна соработка со меѓународни асоцијации, организации и фондации кои го помагаат развојот на културата во локалните заедници,

-Мотивирање за активно учество на локалните културни установи во реализирање на Програмата.

III.ФИНАНСИРАЊЕ

Активностите од областа на културата утврдени со оваа Програма ќе се финансираат од средствата на Буџетот на Општина Крива Паланка предвидени за 2018 година , средства од Буџетот на Република Македонија, спонзорства и донации.

При реализација на Програмата, Советот на Општина Крива Паланка ќе ги подржи организаторите на манифестациите и реализаторите на проектите за обезбедување на финансиски средства и друга помош од :

-Министерство за култура на Република Македонија;

-Трговски друштва, јавни претпријатија, фондации и други правни и физички лица;

-Заинтересирани партнери за соработка во земјата и странство;

-Други извори.

IV.РАСПОРЕДУВАЊЕ НА БУЏЕТСКИ СРЕДСТВА

Содржините предвидени со оваа програма се финансираат со посебни ставки во Буџетот на општината.

По потреба програмата ќе се дополнува со активности за кои ќе се утврди дека се во согласност со целите на Програмата.

V. МАНИФЕСТАЦИИ ПОДРЖУВАНИ СО

ДРУГИ ФОРМИ НА АКТИВНОСТИ

ДЕН НА ОПШТИНАТА

За 8-ми Октомври, Денот на Општина Крива Паланка се подготвува специјална програма проследена со содржини од областа на спортот, културата, свечена седница на Советот на Општина Крива Паланка и оддавање почит на значајни личности, настани и борци учесници во ослободувањето на градот.

VI.ДРУГИ ФОРМИ НА АКТИВНОСТИ

Други форми и активности со кои ќе се помагаат културни манифестации, приредби и проекти се следните:

-обезбедување стручна, техничка и друга подршка со кадар и опрема со која располага општината,

-обезбедување сместувачки услуги за учесниците на одделени манифестации,

Овие форми на активности ќе се реализираат согласно можностите на Општина Крива Паланка.

VII.ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

ПРОГРАМА

*За одбележување на празници,манифестации и настани во општина Крива Паланка за 2018 година*

| Р.Б | **Празници,манифестации настани** | **Планирани активности** | Минис култура | Соп. прих. | Општина Кр.Паланка | Др.извор и донаци | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | ***7 Јануари-Божиќ (5 Јануари Бадниково гранче)*** Приклучување кон активноститен на црквата за берење на бадниково гранче и палење на коледарски оган. Место на настанот:плоштад во Крива Паланка | -Обезбедување на чај и топла ракија -Обезбедување на златник и сребреник за Кумовите на настанот | | | 25.000 | 10.000 | 35.000 |
| 2. | ***19 Јануари-Водици*** Во соработка со црквата Св.Димитрија во Крива Паланка , организирање на настан-осветување на водите во Крива Паланка и фрлање на крст. Културен настан на градскиот плоштад | -Поклони за лицата кои ќе го фатат крстот -Обезбедување на чај и топла ракија | | | 30.000 | 5.000 | 35.000 |
| 3. | ***1-ви Април-ден на шегата*** Кривопаланечки маскенбал со учество на деца од детската градинка Детелинка и ученици од основните училишта Илинден и Јоаким Крчовски Место на настан: градски плоштад | Ангажирање на музичка група на градскиот плоштад за пречек на маскотите | | | 5.000 | | 5.000 |
| 5. | ***7-ми април Одбележување*** | Прием од страна на градоначалникот по повод | | | 20.000 | | 20.000 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | ***На меѓународен ден на ромите и ден на здравството*** | денот на ромите | | | | | |
| 6. | ***Велигден***<br>Одбележување на најголемиот празник на православните христијани | Организирање на изложба во Дома на култура во Крива Паланка и избор на најубаво украсено велигденско јајце | | | 50.000 | | 50.000 |
| 7. | ***Верски празник-Тодорица***<br><br>По 34 години во црквата „Св. Теодор Тирон“ во кривопаланечкото село Конопница, се поклонуваа невести за патрониот празник Тодорица, чие име го носи селската црква. Овој ритуал, кој се практикувал од изградбата на црквата во 19 век, бил прекинат во 1977 година, а месното население и општината од 2010 година повторно го обновија заборавениот обичај.<br><br>- Обичај било невестите што се омажиле помеѓу двете Тодорици, да ја облечат својата венчална носија и со своите свекрви да се поклонат пред храмот на светецот и да бидат благословени од свештенослужителите. Тој претставува дел од автентичното прославување на Тодорица, која е празник на селото, а уште поинтересно е што името на светецот Теодор Тирон, заштитник на младите и породот, го носат многу мал број цркви. Во 50-тите години од минатиот век имало и по стотина невести од целиот крај, кои доаѓале на поклонение. | Културна манифестација во с.Конопница враќање на старите обичаи | | | 150.000 | | 150.000 |
| 8. | ***20-ти мај Ден на пожарникарите*** | -Свечено постројување<br>-Показна вежба<br>-Награди за најдобар пожарникар<br>-Коктел за учесниците | | | 10.000 | | 10.000 |
| 9. | ***8-10 Јуни***<br>**Откријте ги убавините на Осоговските планини** | Рели | | | 180.000 | | 180.000 |
| 10. | ***Јуни-Копаничарска колонија***<br>***Место на настан Манастир Св. Јоаким Осоговски*** | Партиципација-покривање на трошоците за храна и ноќевање на учесниците | | | 10.000 | | 10.000 |
| 11. | ***20-31 јули и 20-31 август Топол културен бран 2018***<br>***Место на настан Дом на култура и градски парк*** | Манифестација<br>-драмски претстави<br>-детски претстави<br>-поетски читања<br>-фолклорна изведба | 20.000 | | 100.000 | | 120.000 |
| 12. | ***12 јули Краиште 2018*** | На ден Петровден на | | | 60.000 | | 60.000 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | ***Трилатерална меѓугранична средба*** | македонско – српската граница се одржува погранична средба во организација на локалните самоуправи на општините Крива Паланка (Р.Мекедонија), општина Ќустендил (Р.Бугарија) и општина Босилеград (Р. Србија). Средбата е пропратена со културно – забавни содржини и народна веселба. | | | | | |
| 13. | ***Јули -Летна школа за архитектура во манастирот Св. Јоаким Осоговски, со учесници од Факултет за архитектура 23*** години по ред во месец јули се одржува познатата Интернационална школа за архитектура, во организација на Архитектонскиот факултет од Скопје. Низ досегашните кампањи, школата дала врвни резултати на полето на научното сублимирање на архитектонските решенија и дилеми, мошне често валоризирајки го локалното кривопаланечко градителско наследство, локална архитектура и надворешните влијанија врз неа | Партиципација-покривање на трошоците за храна и ноќевање на учесниците | | | 10.000 | | 10.000 |
| 14. | **23 август – Четврто издание на рок фестивал „ЏОИ ФЕСТ“** | | 200. 000 | | 200.000 | 250.000 | 650.000 |
| 15. | ***25, 26, 27 август XIV Интернационален фолклорен фестивал Св.Јаоким Осоговски 2018*** | Манифестација<br>-културно-уметничка програма со учество на гости од Р.Бугарија, С.Србија, Р.Босна и Херцеговина , Словачка , Полска и др.<br>-ноќевање и храна за гостите | 150.000 | | 300.000 | 200.000 | 650.000 |
| 16. | ***29.август Св.Јаоким Осоговски заштитник на градот*** | Општински празник | | | 20.000 | | 20.000 |
| 17. | ***15-21 септември IX Меѓународен театарски фестивал Св.Јаоким Осоговски*** | Театарски претстави во Дом на култура со учесници од Р.Србија, Р.Бугарија, Р.Хрватска, Р.Македонија<br>-ноќевање и храна за гостите | 100.000 | | 300.000 | 300.000 | 700.000 |
| 18. | ***Септември Ликовна колонија Св.Јаоким Осоговски*** На колонијата во изминатите 25 години, зеле учество повеќе стотина учесници од различни земји, кои што дошле тука и го почуствувале духот на патронот на градот и ја примиле неговата духовна енергија.. | Во манастирот Св. Јоаким Осоговски, во организација на одборот на колонијата и Македонската Православна Црква 23 години по ред се одржува надалеку познатата и афирмирана Ликовна Колонија “Св. Јоаким Осоговски”. Партиципација-покривање на трошоците за храна и ноќевање на учесниците | | | 20.000 | | 20.000 |
| 19. | ***5-6 октомври Трет*** | Манифестација | 186.000 | | 80.000 | | 266.000 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | ***меѓународен фестивал на староградска музика*** | | | | | | |
| 20. | ***8-ми октомври Празник на градот*** | -Свечена седница на Советот на општина Крива Паланка<br>-Полагање на свежо цвеќе<br>-Доделување на осмооктомвриски награди<br>-Свечен прием со коктел | | | 150.000 | | 150.000 |
| 21. | ***11-ти октомври ден на востанието на РМ Место на настан Споменици од НОБ*** | Полагање на свежо цвеќе на спомен обележја од НОБ | | | 10.000 | | 10.000 |
| 22. | ***Ноември-Кривопаланечка еко храна*** | Традиционален настан | 40.000 | | 100.000 | | 140.000 |
| 23. | ***3-ти декември ден на лицата со посебни потреби*** | Организирање на работилница од страна на децата со посебни потреби<br>-награди за децата учесници во Центарот на лица со посебни потреби | | | 15.000 | | 15.000 |
| 24. | ***31-ви декември Одбележување на Нова Година-Новогодишна свеченост 2018***<br>Избор на најновогодишно украсена куќа, тераса и излог во крива Паланка<br>Културен настан | -Распишување на конкурс за најновогодишно украсена куќа, тераса и излог во Крива Паланка<br>-Организирање дочек на Нова година на градски плоштад<br>-украсување на градските улици<br>Новогодишен поп рок концерт | | | 600.000 | | 600.000 |
| | ГОДИШНИНИ | | | | | | |
| 25. | Одбележување на значајни настани и личности | По програма<br>Општина Кр. Паланка | | | 100.000 | | 100.000 |
| | СЕ ВКУПНО | | 696.000 | | 2.545.000 | 765.000 | 4006.000 |

**Бр. 2528/55**
**30.11.2017 год.**
**Крива Паланка**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Претседател**
**Изабела Павловска**